**ДО**
**Директорот на училиштето и**
**Активот по математика при училиштето**

**Предмет: Покана за учество, известување за реализација на општинскиот натпревар по математика и покана за домаќин за регионалниот натпревар по математика за учениците од основното образование во учебната 2024/2025 година**

## ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ОПШТИНСКИОТ НАТПРЕВАР

Согласно календарот за реализација на натпреварите по математика за учениците од основното образование, **Општинскиот натпревар по математика за учениците од основното образование** ќе се одржи на **31.1.2025 година** со почеток во **12.00 часот.**

**Општинскиот натпревар ќе се одржува во секое училиште поединечно, во петок, 31.1.2025 година, со почеток во 12.00 часот. Задачите ќе бидат доставени до координаторот на денот на натпреварот. Задолжително треба да е назначен наставник координатор кој ќе е одговорен за материјалите за натпреварот.**

Начинот за организирање и спроведување на натпреварите детално се опишани во Правилникот за организирање и изведување на натпреварите по математика во основно образование објавен на интернет страницата на СММ.

## НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА ОПШТИНСКИ НАТПРЕВАР

Пријавувањето на учениците за општинскиот натпревар за основно образование го вршат **училиштата,** преку назначен **наставник координатор од училиштето**, најдоцна до **30.12.2024** година, преку пополнување excel табела (Obrazec Za Prijavuvanje_osnovno.xls) која може да се најде на следниот линк:

**https://smm.org.mk/2024/12/04/izvestuvanje-za-opstinskiot-natprevar/**

Согласно правилникот за натпревари, вкупниот број на пријавени ученици од едно училиште на општинскиот натпревар, не треба да надминува 10% од вкупниот број на ученици во училиштето.

Пополнетата ексел табела со учесници на општинскиот натпревар и податоците за наставникот координатор од училиштето се испраќа на електронската адреса natprevari.smm2024@gmail.com.

Котизацијата за учество на општнискиот и регионалниот натпревар за 4 и 5 одделение е 400 денари по ученик, за за учество на општнискиот, регионалниот и државниот натпревар за учениците од 6, 7, 8 и 9 одделение е 600 денари по ученик. По пријавувањето за учество, училиштето добива фактура за уплата на котизацијата согласно бројот на пријавени ученици. Самостојно пријавување на учениците не е дозволено.

**Дел од уплатената котизација (120 денари) за учество му се доделува на училиштето кое е домаќин на регионалниот натпревар, за тековни трошоци околу организација на регионалниот натпревар.** Околу деталите контактирајте го СММ (sojuz.na.matematicari@gmail.com).

Списоците со пријавени ученици за општинските натпревари ќе бидат јавно објавени на веб страницата на СММ.

## ТЕМИ, ЗАДАЧИ И КОМИСИЈА НА ОПШТИНСКИОТ НАТПРЕВАР

Темите за натпреварите се објавени на страната на СММ.

Изборот на задачи за натпреварите е должност на комисијата за општински, регионални и државни натпревари за основно образование. Согласно претходно востановената практика, за општинските и регионалните натпревари комисијата има обврска да изврши избор на **2 (од вкупно 4) задачи** од објавените задачи од рубриката **конкурсни задачи** од списанието **НУМЕРУС**, како и две задачи по слободен избор. За учениците од четврто одделение изборот ќе се врши од двата **овогодишни броја на Нумерус**, а за останатите одделенија покрај **двата овогодишни броја ќе се користат и сите броеви на Нумерус од почетокот на четврто одделение** (на пример, за 6 одделение од оваа и

претходните две учебни години). Притоа, ќе се користат само изданијата на Нумерус почнувајќи од учебната 2019/2020 година.

Според Правилниците за натпревари, Комисијата за прегледување на задачите на општинските натпревари е составена од наставници по предметот математика во основните училишта и одделенските наставници. **Секое училиште кое учествува на натпреварот е должно да ги прегледа тетратките од општинскиот натпревар и да ги достави резултатите на официјалниот e-mail.**

**ПОКАНА ЗА ДОМАЌИНИ НА РЕГИОНАЛНИОТ НАТПРЕВАР**

Со особена чест и задоволство Ве покануваме да бидете училиште домаќин на Регионалниот натпревар за учениците од основното образование од вашиот регион (согласно распределбата на општини по региони дадена подолу). Пријавата за училиште домаќин на регионалниот натпревар се врши на електронската адреса sojuz.na.matematicari@gmail.com најдоцна до **5.3.2024 година**. Во пријавата се наведува називот на училиштето, општината, регионот, лице за контакт и телефонски број за контакт. Обврски на училиштата домаќини на регионалниот натпревари се:

1. Да обезбеди простории за одржување на натпреварот на учениците натпреварувачи, просторија за нивните ментори и просторија за работа на комисијата со компјутер и печатач.
2. Да обезбеди по едно лице – тестатор (од наставниците кои не предаваат математика) за присутност во секоја просторија каде има натпреварувачи.

**Дел од уплатената котизација од учениците му се доделува на организаторот за тековни трошоци** околу организација на регионалниот натпревар. За подетални информации околу организацијата, висината на котизацијата и начинот на кој се доделува истата на училиштето домаќин, Ве молиме контактирајте го СММ на електронската адреса sojuz.na.matematicari@gmail.com .

Распределбата на општините по региони е следната:

- Аеродром (Скопје);
- Берово, Делчево, Пехчево, Македонска Каменица, Кочани, Виница, Чешиново, Блатец, Облешево, Зрновци и Оризари;
- Битола, Ресен, Бистрица, Новаци, ДемирХисар, Бач, Сопотница, Старавина, Могила, Кукуречани, Цапари и Добрушево;
- Велес, Свети Николе, Богомила, Градско, Лозово, Чашка и Извор;
- Кавадарци, Неготино, Росоман, Демир Капија и Конопишта;
- Гази Баба, Петровец, Илинден и Арачиново (Скопје);
- Гевгелија, Стар Дојран, Богданци, Миравци, Валандово, Јосифово;
- Струмица, Радовиш, Ново Село, Василево, Босилово, Куклиш, Муртино, Конче и Подареш;
- Гостивар, Неготино (Полошко), Врапчиште, Чегране, Долна Бањица и Вруток;
- Дебар, Маврово - Ростуше и Центар Жупа;
- Карпош, Ѓорче Петров, Сарај и Кондово (Скопје);
- Кисела Вода, Студеничани, Зелениково, Сопиште (Скопје);
- Кичево, Другово, Осломеј, Вранештица, Зајас и Србица;
- Крива Паланка, Кратово и Ранковце, Куманово, Липково, Орашец, Клечовце и Старо Нагоричане;
- Охрид, Дебрца, Белчишта, Косел и Мешеишта, Струга, Вевчани, Луково, Делогожда, Лабуништа и Велешта;
- Прилеп, Крушево, Долнени, Тополчани, Житоше, Кривогаштани, Витолиште, Македонски Брод, Самоков и Пласница;
- Тетово, Џепџиште, Теарце, Брвеница, Камењане, Боговиње, Шипковица, Желино, Јегуновце и Вратница;
- Центар (Скопје);
- Чаир, Шуто Оризари, Чучер Сандево и Бутел (Скопје);
- Штип, Пробиштип, Злетово и Карбинци.

**Претседател на Комисијата за натпревари за предметна настава**
**Академик Дончо Димовски**

**Претседател на Комисијата за натпревари за одделенска настава**
**Проф. д-р Слаѓана Јакимовиќ**

**Претседател на СММ,**

**Проф. д-р Ѓорѓи Маркоски**